# КРАТКА БИОГРАФИЈА
# Д-Р КАТЕРИНА БОЈКОВСКА
# ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

Д-р Катерина Бојковска е вонреден професор на Факултетот за биотехнички науки – Битола, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Република Македонија. Докторирала во 2012 година на Економскиот институт – Скопје на тема: “Креирање на меѓународни маркетинг стратегии за извоз на млеко и млечни производи на странските пазари” и се стекнува со научен степен Доктор на економски науки.

Од 2004 година работи во Факултетот за биотехнички науки – Битола, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Во 2017 година е избрана во сегашното звање вонреден професор од областите маркетинг, применета економија, економска статистика и друго.

Активно е вклучена во наставно-образовната дејност на трите циклуси студии на Факултетот за биотехнички науки – Битола.

Од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, со решение од 05.07.2017 година е констатирано дека ги исполнува условите за ментор на втор циклус на студии на студиските програми на Факултетот за биотехнички науки - Битола.

Д-р Катерина Бојковска покрај наставно-образовната дејност, вклучена е и во реализација на повеќе национални и меѓународни научно – истражувачки и апликативни проекти меѓу кои се издвојува ангажманот како раководител на проектот “Физибилити студија за развој на агропрехранбениот сектор во Пелагонија” (2013-2016).

Д-р Катерина Бојковска има реализирано и значајна стручно-апликативна дејност како и повеќе дејности од поширок интерес.

Од 2013 до 2015 година ја обавува функцијата Продекан за финансии на Факултетот за биотехнички науки – Битола. Во истиот период назначена е и за член на Комисијата за материјално-финансиски прашања и инвестиции на Универзитетот “Св. Климент Охридски” – Битола.

Од 2015 година е член на Комисијата за самоевалуација на Факултетот за биотехнички науки - Битола.

Од 2016 година до денес во два мандати е избрана за раководител на центарот за Агроекономски развој на Факултетот за биотехнички науки – Битола.

Д-р Катерина Бојковска член е на научниот одбор на меѓународното списание "Engineering Management Research" кое го издава Канадскиот центар за наука и образование.

Од 2013 до 2016 година е надворешен соработник на Државниот испитен центар како контролор на прашања за екстерно проверување на постигањата на учениците во основното и во средното образование од Економска и трговска област.

Добитник е на стипендија во рамките на Erasmus+ програмата за мобилност на наставен кадар при што остварила студиски престој на Аграрниот Универзитет во Пловдив, Република Бугарија во периодот од 30.03.2015 до 03.04.2015 година со предавања од областите во кои е бирана.

Има учествувано на голем број семинари и работилници од обласа на образованието, економијата и агробизнисот во земјата и странство. Автор е на бројни публикации објавени во меѓународни научни списанија и списанија со импакт фактор. Има настапувано на повеќе конгреси, конференции, симпозиуми, научни собири и смотри во земјата и странство.

Коавтор е и на универзитетски учебник „Статистика" – збирка на решени задачи како и на интерните скрипти Маркетинг на агроиндустриските производи, Трошоци и цени на агропрехранбените производи и Агробизнис менаџмент кои се од голема научно-стручна корист за студентите.